Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-486/2
01-11-2023 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–486/1 од 04.09.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-486/1 од 04.09.2023 година, поднесена од Валентина Зафирова – Ѓоргиева од Свети Николе **поради ненадлежност.**

О б р а з л о ж е н и е

Подносителката ја поднесува претставката во својство на вработена во ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе. Таа наведува дека како одделенски наставници на неа и на другите вработени работата не им е организирана во смени, притоа го цитира членот 5 став 1 точка 10 од Законот за работните односи кој ја дефинира работата во смени. Исто така, се повикува на Законот за основно образование и Статутот на ООУ „Гоце Делчев" Свети Николе, во кои прописи се предвидува дека наставата се одвива во две смени. Во однос на тоа, наведува и дека била спроведена интегрална инспекција, врз основа на што се укажало на тоа во рок од шест месеци да се организира двосменското работење. Подносителката наведува дека претставката е во согласност со Законот за работните односи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека наведеното во претставката се однесува на организација на работа во смени, што пак е уредено со Законот за работните односи и со Законот за основно образование во однос на сменско реализирање на настава. Содржината на претставката претставува стварно опишан настан за претставка од стварна надлежност на инспекциски орган и истата не се однесува на дискриминаторски настан.

Оттука, Комисијата одлучи дека за опишаниот настан се предвидени други постапки за заштита во согласност со прописите кои ги уредуваат работните односи и основното образование. Имено, согласно член 256 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ" бр. 3/2006; 3/2006; 44/2006; 65/2006; 16/2007; 57/2007; 77/2007; 106/2008; 161/2008; 63/2009; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 10/2010; 50/2010; 52/2010; 58/2010; 124/2010; 132/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 106/2014; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015; 27/2016; 134/2016 и 120/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/2019; 267/2020; 151/2021 и 288/2021), *надзор над примената на овој закон, прописите за вработувањето и другите прописи од областа на трудот, колективните договори и договорите за работа со кои се уредуваат правата и обврските на работникот и работодавачот од работниот однос и други договори со кој е определен надоместок за извршената работа во износ повисок од износот на минимална плата утврдена со закон, врши органот на*

*државната управа надлежен за работите од областа на инспекцијата на трудот.* Согласно член 162 став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ бр. 229/2020) *надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството,* додека согласно ставот 2 од истиот член *инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општините, согласно со закон.*

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
*- Валентина Зафирова - Ѓоргиева, ул. Крсте Мисирков“ бр. 2, Свети Николе*
*- Архива на Комисијата*